Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.11.2021 година, донесе

# П р о г р а м а
## за изградба на фекална и атмосферска канализација на подрачјето на Општина Кочани за 2022 година

I

Општина Кочани во изминатите години има продадено повеќе градежни парцели за индивидуално домување, индустриски и преработувачки капацитети и викенд куќи.

Има и голем број парцели во приватна сопственост чии сопственици пројавуват интерес за отпочнување на градба на објекти за индивидуално домување. Поради тоа Општината ќе преземе активности во 2022 г. за изградба на дел од фекалната и атмосферската канализација во градот и населените места.

Се предвидува изградба на атмосферска канализација на улицата „Стево Теодосиевски“, изградба на фекална и атмосферска канализација на улиците „Гемиџии“ и „23 Октомври“ во централното градско подрачје, Лесна индустрија над канал, изградба на фекална канализација во с. Оризари и други места каде ќе има потреба во текот на годината.

1. Потребните средства за изградба фекалната и атмосферска канализација во централното градско подрачје, ул. „Стево Теодосиевски“, ул. „Кеј на Револуцијата“, Лесна индустрија, с. Оризари, одржување решетки за атмосферска канализација и други локации во градот и во населените места во Општина Кочан и изнесуваат 6.000 000 ден.
2. Подготвување на проектна документација .................................................. 400.000 ден.
3. Експропријација ................................ 3.000.000 ден.

Предвидени средства за реализација на оваа Програма ............... **9.400.000 ден.**

II

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-2741/1
15.11.2021 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев